СПОМЕНИЦИТЕ ОД ИТАЛИЈА ЌЕ ПРИСТИГНУВААТ ВО ДЕЛОВИ

# Александар не смее да дојде преку Солун

Игор Чавески

## Поради можните реакции од Грција, спомениците ќе се транспортираат преку пристаништето во Драч

Спомениците што ќе бидат поставени во центарот на Скопје ќе пристигнуваат етапно и во делови. Сè уште не се знае како ќе се транспортираат до Скопје. Од Општина Центар, на чијашто територија ќе се поставуваат, велат дека целата одговорност за транспортот на споменициte и на скулптурите е кај изведувачот, италијанската леарница „Фернандо Маринели" од Фиренца.

Споменикот на Александар Македонски, за кој има најголем интерес во јавноста, најверојатно ќе биде транспортиран со брод преку пристаништето во Драч, Албанија, а оттаму со неколку камиони и во делови ќе биде пренесен во Скопје.

Малку веројатно е доставувачот да одлучи споменикот да го носи преку Грција, односно преку солунското пристаниште, бидејќи речиси сигурно би имале проблеми при транспорт на споменикот во Македонија.

За месец и половина ќе почне изградбата на фонтаната во чијашто средишност ќе биде поставен споменикот на Александар Македонски, кој сосе постаментот ќе биде висок 22 метри, речиси колку Ристиќевата палата. Комплетното завршување на сите придружни објекти, како што се војници на фалангата и самиот споменик, ќе завршат кон крајот на следната година.

Најпрво ќе бидат поставени четирите лава на мостот „Гоце Делчев" кои ќе бидат високи пет метри, а ќе чинат околу 2,3 милиони евра.

По нив ќе следува поставувањето споменици на Даме Груев и на Гоце Делчев пред Камениот мост. Поставувањето на останатите обележја, како што се споменициte на македонските бранители и паднатите херои, како и спомен-обележјето на АСНОМ, ќе се одложи затоа што не се изработени идејните решенија или сè уште се изработува моделот на скулптурата.

Речиси сигурно е дека Грција бурно ќе реагира на поставувањето споменик на Александар Македонски во центарот на Скопје.

Грчката влада жестоко реагираше и кога минатиот месец премиерот Груевски постави камел-темелник на неколку објекти кои ќе бидат во древно грчки стил.

Во почетокот на годинава со одлука на Владата Градскиот стадион беше преименуван во Национална арена „Филип Втори", а, пак, Коридорот 10, кој ги поврзува Македонија и Грција, е преименуван во автопатот „Александар Македонски". На сите овие преименувања странските дипломати сигнализираа дека тие го отежнуваат наоѓањето решение на спорот со Грција, и бараат Македонија да се воздржи од активности кои Грција ги смета за провокација.

Евроамбасадорот Ерван Фуере завчера ја повика Владата да се воздржи од одлуки кои му пречат на процесот за решавање на спорот за името, кој се води под покровителство на Метју Нимиц. Според Фуере, сите владини ресурси треба да бидат насочени за економски развој на државата и намалување на невработеноста и сиромаштијата.

Пратеникот Стојан Андов вели дека потезите што ги влече Владата се неразбирливи и погрешни, и испраќаат лоша порака.

- Поставувањето споменици сигурно ќе им наштети на односите со Грција. Во овој случај, најмал проблем е реакцијата на Грција, туку со ова сè помалку не разбираат и државите што сакаат да ни помогнат - вели Андов.

Историчарите, пак, сметаат дека Владата ги протежира споменициte од античкиот период за сметка на останатите историски настани.

- Во последно време сè повеќе се става акцент на личностите од античкото минато, како Александар Македонски или Филип Втори, а се запоставуваат хероите од Илинденското востание, кои, исто така, заслужуваат внимание - вели Александар Литовски.

Милан Бошковски од Националниот институт по историја вели дека е разбирливо Грција да реагира на секое наше поставување споменици од античкиот период, но ние треба преку културна соработка на државно ниво да им објасниме дека и Македонија има право на личности од античкото минато.

- Ако името „Македонија" го носиме како дел од историјата, тогаш Грција нема зошто да се вознемирува на поставувањето такви споменици.

Ваквите реакции се најмногу поради тоа што во минатото многу малку имавме можност да читаме и да ги проучуваме делата на Александар и на Филип - смета Бошковски.



Цар Самуил

## Фрлени пари во криза

Недозволиво е во време на светска економска криза Владата да троши пари за изградба на споменици и на скулптури. Загрижувачки е што Владата не ги слуша препораките на сите релевантни финансиски институции за стегање на ременот и продолжува со ненаменското трошење, едногласни се економистите. Десетте милиони евра, сметаат тие, можеа да се употребат за изградба на некој капитален објект од кој сите ќе имаат корист, а не да се трошат за непродуктивни проекти од типот на спомен-обележја и скулптури.

Драган Тевдовски, професор по економија, вели дека зачудува ваквиот однос на Владата затоа што сите земји на секаков начин се обидуваат да штедат поради економска криза.

- Во услови на криза Владата мораше да ги пренамени парите за проекти за подобрување на патната инфраструктура и енергетскиот сектор. Во извештаите на Европската унија постојано ни се забележува дека ни недостигаат инвестиции токму во овие сектори. Токму затоа не се оправдани објаснувањата на премиерот дека ова се пари предвидени уште во 2007 година и во 2008 година - вели Тевдовски.



Цар Јустинијан Први

## Вајарски почетоци со Александар?

Уметницата Валентина Стефановска, авторка на импозантниот споменик на Александар Македонски на плоштадот Македонија, досега немала ниту едно самостојно претставување. Како што велат луѓето од фелата, таа не само што била изолирана за време на нејзините студии на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, студирајќи на отсекот вајарство, туку не ѝ е позната ниту на македонската уметничка сцена. Толку повеќе зачудува фактот што таа е автор на дваесет и двеметарска скулптура, која бара не само голема вештина и умешност во изработката туку и големо искуство.

За нејзината работа не може да се најдат податоци ниту на интернет, освен дека е автор на една од триесет и петте скулптури на Министерството за култура за разубавување на централното градско подрачје.

Откако се дозна дека таа веќе го работи споменикот на Александар Македонски, „Време" неколку пати се обиде да разговара со неа, но секој пат без успех.